Врз основа на член 110 став 1 точка 13 од Законот за високото образование („Сл. Весник на РМ“ бр. 82/2018), член 58 став 1 точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.454) и член 11 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски) и втор циклус студии (после дипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.417), Глава III точка 4 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2026/2027 година и член 9 од Упатството за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2026/2027 година, Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2026/2027 година при Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, а по однос на Приговорот поднесен од кандидат со приемен број 136971 го донесе следново

РЕШЕНИЕ

Се ОДБИВА Приговорот со бр.09-982/19 од 25.8.2026, поднесен од кандидат пријавен на првиот уписен рок на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со приемен број 136971.

**Образложение:**

Комисијата изврши увид во примената документација и констатираше дека приговорот не е основан.

Согласно глава IV, точка 5. од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2026/2027, „Запишување на редовни студенти во државна квота“, припадниците на безбедносните сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства, лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон (Сл. весник на РСМ бр. 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07 и Сл. весник на РСМ бр. 53/21), во учебната 2026/2027 , ќе се запишуваат надвор од државната квота без поднесување трошоци за студирање, под услови за запишување утврдени во Конкурсот, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на ниво на студиска програма. Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид. Согласно чл.13 од Законот, права на упис без трошоци за студирање имаат само припадникот на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид група I до група VII.

Согласно доставената документација кандидатот не ги исполнува условите за право на упис без трошоци за студирање, а се рангира согласно остварениот успех од средно образование на Конечната ранг листа за упис на Правни студии – приватна квота.

**Правна поука:**

Решението на Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2026/2027 година е конечно. Против ова Решение, незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од објавувањето.

27.8.2026 Претседател на Конкурсна комисија

Проф. д-р Есин Кранли Бајрам